Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА
Institucioni publik komunal për fëmijë-Kopshti i fëmijëve MOLLËZAT
Бр. / Nr. 04-267/6
27.06. 2025 год./viti
с.Јегуновце - Јегуновце
f.Jegunovc-Jegunovc

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Сл. весник на Р.М. бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл.весник на Р.С.М.„ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), в.д. Директорот на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА, општина Јегуновце, Јегуновце, донесе

# О Д Л У К А
## За избор на кандидат по јавен оглас бр.231/2025 за вработување на административен службеник

1. За извршител на работното место ДЕЗ 0102 Г01 008 **Самостоен референт - Благајник** во Административно помошно техничка служба - Административен оддел, во Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА, општина Јегуновце, Јегуновце, се избира кандидатот со идентификациски код 290ЕА27 **Катерина Крстовска**.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

### О б р а з л о ж е н и е

На ден 10.05.2025 год., Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр. 231/2025 во дневните весници „Нова Македонија" "Слободен печат" и "Коха", за вработување на 1 (еден) извршител на неопределено време на работно место **Самостоен референт-Благајник** во Административно помошно техничка служба - Административен оддел, во Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА, општина Јегуновце, Јегуновце.

Со решение бр.10-928/3 од 15.05.2025 година, од страна на Агенцијата за администрација, формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас, која ја спроведе постапката за селекција за вработување на административен службеник согласно Законот за административни службеници.

По спроведената постапка Комисијата изготви Записник од извршената административна селекција за административен службеник, бр.10-928/4 од 27.05.2025 год., Записник од спроведениот испит за административен службеник, бр.10-928/5 од 20.06.2025 год., како и Записник од спроведена проверка за веродостојност на доказите и интервју за административен службеник, бр.10-928/6 од 24.06.2025 год.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција изготвена е конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување по јавен оглас бр.231/2025 и истите се доставени до в.д.Директорот на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА, општина Јегуновце, Јегуновце.

Согласно предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр.231/2025, бр.10-928/8 од 25.06.2025 год., в.д. Директорот на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА, општина Јегуновце, Јегуновце, донесе Одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА
општина Јегуновце, Јегуновце
в.д. Директор